ЈП ДЕПОНИЈА
ДРИСЛА
СКОПЈЕ

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДЕПОНИРАЊЕ
НА КОМУНАЛЕН ОТПАД ДРИСЛА СКОПЈЕ
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR DEPONIMIN E
MBETURINAVE KOMUNALE DRISLLA SHKUP

Бр./Nr. 03-58/2
03-02-2023 год.
СКОПЈЕ / SHKUP 1

[redacted]

**РЕШЕНИЕ**

На 17.01.2023 година, во ЈП депонија Дрисла Скопје по електронска пошта пристигна Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер од страна на [redacted]

Постапувајќи по законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, како одговорно лице за посредување при остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, врз основа на добиените информации од Одделението за животна средина, управување со отпад и контрола на отпад, Одделението за согорување и автоклавирање на медицински отпад и Одделението за лабораториски анализи и третман на отпадни води, Ви доставуваме одговор на Вашите прашања, и тоа:

1. Колку инсенератори моментално се наоѓаат во депонијата Дрисла и колку од нив активно работат?
   - Во кругот на депонијата Дрисла во 2001 година е поставен еден инсенератор за согорување на медицински отпад и лекови со поминат рок кој се користи сеуште само за мал дел од применот отпад, додека поголемиот дел се третира по пат на стерилизирање во автоклав кој во 2022 година е поставен во кругот на депонијата Дрисла и е пуштен во употреба.

2. Кој инсенератор каков вид на отпад согорува медицински, опасен, неопасен итн.?
   - Инсенераторот по пат на согорување и автоклавот по пат на стерилизирање вршат третман на медицински отпад, лекови со поминат рок и друг неопасен отпад (хартија, делови од растенија, цвет и сл.).

3. Ве молам во прилог да ми доставите: елаборат/студија за проценка на влијанијата врз животната средина за инсенераторите и дозвола на Дрисла за интегрирано спречување и контрола на загадувањето за работа на инсенераторите.
   - На веб страната на Дрисла се достапни:
     - Измена на А – Интегрирана Еколошка Дозвола согласно која работи ЈП депонија Дрисла Скопје.
     - Анализа на состојбите и извештај од моделирање на дисперзијата на загадувачките материи во воздухот на депонијата Дрисла – изработена од Еко Енерџи Агри Дизајн Дооел Скопје.
     - Мерења на квалитет на амбиентален воздух на депонија Дрисла – направени од Лабораторија за Еко-информатика ФИНКИ.

ЛИНК: https://drisla.mk/opshti-dokumenti/

4. Ве молам да ми доставите извештај за емисиите на загадувачки супстанци во воздухот, водата и почвата. Дали овие податоци јавно се достапни на Вашата web страна?
   - Согласно А – интегрираната еколошка дозвола, од страна на акредитирани лаборатории на депонијата Дрисла редовно се врши мерење на емисиони гасови од инсенераторот и физичко – хемиски и микробилошки испитувања на водата и податоците се достапни на институциите задолжени за контрола на работењето на депонијата Дрисла.

<u>ПРИЛОГ:</u>

- Годишен преглед од извршени мерења на физичко – хемиски и микробилошки испитувања на водата
- Годишен преглед од извршени мерења на емисиони гасови од инценератор за 2022 година.

Изработил

-----------------------------------------------

**Дијана Ж.Велјаноска**

Одговорно лице за посредување при давање

на информации од јавен карактер

Јавно претпријатие за депонирање на комунален отпад ДРИСЛА Скопје
Официјална адреса: Бул. Илинден бб, 1000 Скопје, Р. С. Македонија.
Седиште на адреса: с. Батинци, П. Фах 34, 1050 Скопје, Р. С. Македонија.
Телефон: 02/ 2722 400
Факс: 02/ 2744 449
www.drisla.mk
drisla@drisla.mk
Број на сметка: 300 0000033841 72
Комерцијална банка АД Скопје
ЕМБС: 6533191
ЕДБ: МК4080009506800